**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

**Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ**

**Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354**

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија во месец **а в г у с т, 2024**




**Скопје, 10.09.2024**

Во текот на месец август 2024 година, до ИЈЗ, пристигнати се пријави за вкупно **961** заболено лице од акутни заразни заболувања *(без КВОИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства*

*на хепатит Б и Ц и ХИВ)* во Република Северна Македонија, со вкупна инциденца од **52,3 на 100.000 жители**.

Вкупниот број на пријавени лица во месец август е за 35,9% помал во однос на претходниот месец јули 2024 година (n=1.500). Во однос на месец август 2023 година (n=957) се регистрира зголемување на пријавените лица од акутни заразни заболувања за 0,4%, додека во однос на аритметичката средина за десетгодишниот период (n=2.004), се регистрира намалување од 52,0%. *(Графикон 1)*

Во вкупниот број на заболени во 2024 година, регистрираните случаи во месец август учествуваат со 9,5%. Кумулативниот број на пријавените во 2024 (n=10.121) е за 17,5% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2023 година (n=8.610).

***Графикон 1**. Број на пријавени лица со заразни болести по месеци во 2024 и аритметичка средина*




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ во август е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=524; 54,5%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=19; 2,0%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ во август е регистрирана на територијата на ЦЈЗ Скопје (I=86,3/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Тетово (11,1/100.000). *(Графикон 2)*

***Графикон 2**: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во август, 2024 година*




Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Кратово (I=410,9/100.000), Ресен (I=215,7/100.000) и Крушево (I=190,8/100.000), а во месец август, три ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Демир Хисар, Берово, Пехчево) *(Табела 1 во Прилог, Картограм)*.

***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во август учествуваат со 98,8% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 51,7/100.000 жители. *(Табела 1)*

***Табела 1**: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во август, 2024 година*

| **Заболување** | **Број** | **I/ 100.000** |
|---|---|---|
| Ентероколитиси | 570 | 31,0 |
| Овчи сипаници | 200 | 10,9 |
| Голема кашлица | 78 | 4,2 |
| Салмонелози | 38 | 2,1 |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | 27 | 1,5 |
| Шуга | 17 | 0,9 |
| Инфективна мононуклеоза | 6 | 0,3 |
| Вирусен хепатитис Б | 6 | 0,3 |
| Скарлатина | 4 | 0,2 |
| Гонореја | 3 | 0,2 |
| **Вкупно** | **949** | **51,7** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (ентероколити и овчи сипаници), учествуваат со 80,1% во вкупниот број на заболени, а со 81,1% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец август 2024 година.

Во август, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 570 пријавени лица. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 59,3%, а во групата на 10 најчести заразни заболувања - со 60,1%.

Во однос на претходниот месец јули 2024 година (n=645), се регистрира намалување на бројот на пријавени од ентероколити за 11,6%, а во однос на месец август 2023 година (n=556) се регистрира зголемување од 2,5%. Во однос на аритметичката средина за последниот десетгодишен период (n=1.585) се регистрира намалување од 64,0%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2024 (n=2.643), пријавените случаи во август учествуваат со 21,6%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 (n=10.121), ентероколитите учествуваат со 26,1%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2024 (n=2.643) е за 37,3% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=1.925).

На второ место по број на пријавени заболени во месец август се **овчите сипаници**, со 200 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 20,8%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања - со 21,1%.

Во однос на претходниот месец јули 2024 година (n=528), се регистрира намалување за 62,1%, а во однос на месец август 2023 година (n=250) се регистрира намалување од 20,0%. Во однос на аритметичката средина за десетгодишниот период (n=204) се регистрира намалување од 2,0%.

Во вкупниот број на пријавени овчи сипаници во 2024 (n=5.350), бројот на заболените во август учествува со 3,7%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2024 (n=10.121), учеството на овчите сипаници е 52,9%.

Кумулативниот број на пријавени овчи сипаници во 2024 (n=5.350) е намален за 7,5% во однос на кумулативата за истиот период во 2023 (n=5.785).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во август, најголем број (n=637) припаѓаат на **цревни заболувања** (66,3%; I=34,7/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=570; 89,5%) и инциденца (I=31,0/100.000), се пријавите за ентероколити. Пријавени се и 38 случаи на салмонелози (I=2,1/100.000), 27 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и по еден случај на 15 случаи на инфективна мононуклеоза и по еден случај на инфекции предизвикани од E. coli и криптоспоридиоза.

Во месец август, пријавени се 289 случаи (30,1% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **капкови заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 15,7/100.000. Од нив, најголем број, (n=200; 69,2%) и инциденца (I=10,9/100.000) се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени и 78 случаи на голема кашлица, 6 случаи на инфективна мононуклеоза, 4 случаи на скарлатина и една легионерска болест.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 13 заболени лица (1,4%; I=0,7/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 6 случаи на вирусен хепатитис Б, 3 случаи на гонореја, 2 случаи на сифилис и 1 случај на инфекции со хламидија. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во август, регистриран е по еден случај на бруцелоза и ехинококоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во август се регистрирани 20 случаи (2,1%; I=1,1/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, најголем дел се шуга (n=17; 85,0%), а регистриран е по еден случај на бактериски менингитис, вирусен енцефалитис и токсоплазмоза.

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во август, 2024 година***



## *СОСТОЈБА СО ХИВ* ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во текот на месец август, пристигната е пријава за едно новорегистрирано лица со ХИВ/СИДА.

Се работи за машко лице од Скопје на возраст од 40-49 години (*Табела 3 во Прилог*). Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, пријавена е хетеросексуална трансмисија.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.08.2024), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2024, изнесува 675, а од нив, согласно податоците со кои располага ИЈЗ:

- 128 лица починале,
- 543 лица живеат со ХИВ/СИДА.

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец август 2024 се регистрирани 84 случаи со инциденца од 4,6/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*).

Регистрирани се 6 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста, не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Во вкупниот број на пријавените случаи на вакцино-превентабилни болести, **92,9% се случаи на голема кашлица (n=78)**, како резултат на тековната епидемија на територијата на град Скопје, Куманово и Тетово.
Во текот на месец август, регистрирани се случаи на територија на 10 ЦЈЗ/ПЕ низ државата.
Подетални неделни информации, за состојбата со голема кашлица во државата, се достапни на веб страната на ИЈЗ - https://www.iph.mk/.

## СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во Р. Северна Македонија во текот на месец август, пријавени се вкупно 829 случаи на КОВИД-19 (I=45,1/100.000).

Во однос на претходниот месец јули 2024 (n=250), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од КОВИД-19 за 3,3 пати, како и во однос на месец август 2023 (n=112) каде зголемувањето изнесува 7,4 пати.

Од заболените во август 2024, најголем број (n=431) се пријавени од Скопје, а највисока инциденца (235,3/100.000) се регистрира во Кавадарци.

Во текот на месецот регистрирани се три починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Најголем број на заболени (n=319; 38,5%) се регистрирани од возрасната група над 60 години и кај деца од 0-9 години (n=118; 14,2%).

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец август, се тестирани вкупно 2.179 материјали со повеќе од двојно зголемување на бројот на тестирани во однос на минатиот месец (n=906).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 31.08.2024, пријавени се вкупно 351.704 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.148,6/100.000) и 9.995 смртни случаи (Mt= 544,2/100.000; CFR=2,8%).

## ЕПИДЕМИИ

Во текот на месец август, до Институтот за јавно здравје **не се пристигнати пријави за *епидемии на заразна болест***.

## СМРТНИ СЛУЧАИ

Во текот на месец август, **не е пријавен смртен случај од акутно заразно заболување** *(без КВОИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ).*

## ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ

Во текот на месец август, 2024 година во ИЈЗ се пристигнати 1.282 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на десетте ЦЈЗ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=1.032; 80,5%) и ЦЈЗ Куманово (n=94; 7,3%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец август се: *MRSA (n=231; 18,0%), Mycoplasma pneumoniae (n=137; 10,7%)* и *Salmonella enteritidis (n=113; 8,8%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, покрај *MRSA*, листа на резистенција е добиена за: *Escherichia coli, ESBL, Klebsiella pneumoniae, Klebsiella pneumoniae, ESBL* и *Salmonella enteritidis*.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје и ЦЈЗ Кочани.

## БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ

Во текот на месец август, ***пристигнат е 30 пријава*** за заразни заболувања кај странски државјани кои престојувале во Република Северна Македонија.

Регистрирани се 16 случаи на ентероколитис, 10 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации и по еден случај на шигелоза, голема кашлица, овчи сипаници и вирусен хепатитис Б.

Во текот на 2024 година, регистрирани се 68 пријави за акутни заразни заболувања, 30 пријави на ентероколитис, 14 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 8 пријави за салмонелози, 7 пријави за голема кашлица, по 3 пријави за шуга и овчи сипаници и по една пријава за инфективна мононуклеоза, шигелоза и вирусен хепатитис Б.

Според земјата од која доаѓаат, 13 лица се од Косово, по 9 од Германија и Турција, 7 од Австрија, по 6 од Швајцарија и Белгија, по 3 од Словенија и Србија, по 2 од Италија и Холандија и по еден од САД, Шведска, Хрватска, Норвешка, Франција, Унгарија, Кипар и Романија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***